# CRIMINAL PROCEDURAL ANALYSIS OF THE INITIATIVE AND NEGOTIATION FOR THE CONCLUSION OF A PLEA AGREEMENT ON THE TYPE AND SEVERITY OF THE CRIMINAL SANCTION AT THE PRE-INDICTMENT STAGE PURSUANT TO THE LAW ON CRIMINAL PROCEDURE IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Toshe Panov**
MIT – University Skopje, North Macedonia, adv.tosepanov@gmail.com
**ORCID ID:** 0009-0004-1159-2563

**Abstract:** The subject of analyzes in this paper is complex and refers to the issue of plea bargaining, specifically the initiative to commence negotiations for concluding a draft plea agreement on the type and severity of the criminal sanction at the pre-indictment stage under the provisions of the Criminal Procedure Code of the Republic of Macedonia, which purpose is to enhance the efficiency of criminal proceedings, simplify the criminal justice process, and contribute to the overall fight against crime.
In Macedonian criminal procedural theory, the procedure of negotiating the type and severity of a criminal sanction is most commonly referred to as plea bargaining as reflected, for example, in the heading preceding Article 487 of the Criminal Procedure Code, entitled: *"Non-participation of the Court in Plea Bargaining."* Since this term is generally accepted in Macedonian criminal procedural theory, it will not be the subject of a separate analysis in this paper. Instead, the paper focuses on the procedure for initiating and conducting negotiations between the public prosecutor and the suspect on the type and severity of the criminal sanction, without requiring the submission of a written statement admitting guilt.
**Keywords:** plea bargaining, draft plea agreement, defendant, criminal sanction, statement.

# КРИВИЧНО ПРОЦЕСНА АНАЛИЗА НА ИНИЦИЈАТИВАТА И ПРЕГОВАРАЊЕТО ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ- СПОГОДБА ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА ВО СТАДИУМ ПРЕД ПОДНЕСУВАЊЕ НА ОБВИНЕНИЕ СПОРЕД ЗКП НА РСМ

**Тоше Панов**
МИТ Универзитет Скопје, С. Македонија, adv.tosepanov@gmail.com
**ORCID ID:** 0009-0004-1159-2563

**Резиме:** Предметот на анализа во овој труд е комплексен и се однесува на проблематиката на спогодувањето, односно на иницијативата за започнување на преговарањето за склучување на предлог спогодбата за видот и висината на кривичната санкција во стадиумот до поднесување на обвинение според текстот на ЗКП на Р.Македонија, а кое има за цел зголемување на ефикасноста на кривичната постапка и нејзиното поедноставување, како и борба против криминалитетот воопшто.
Во нашата кривичнопроцесната теорија спогодувањето за видот и за висината на кривичната санкција најчесто се употребува терминот спогодување за вина како што е на пример текстот пред чл.487 во кој е наведено: „ Неучество на судот во спогодувањето за вината. Бидејки овој термин е општоприфатен во нашата кривичнопроцесна теорија, тој во овој труд нема да биде предмет на посебна анализа, туку ќе се задржиме само на постапката за иницирање и преговарање која има за цел помеѓу јавниот обвинител и осомничениот да се склучи предлог-спогодба за видот и висината на кривичната санкција и без давање на писмена изјава за признавање на вина.
**Клучни зборови:** спогодување,предлог-спогодба, обвинет, кривична санкција, изјава .

## 1. ВОВЕД

Главата XXIX од важечкиот Закон за кривичната постапка на РСМ носи назив:„ Донесување на пресуда врз основа на Спогодба на јавниот обвинител и осомничениот „. Сметам дека овој термин е несоодветен и треба да носи назив: Донесување на пресуда врз основа на Предлог-спогодба на јавниот обвинител и осомничениот, затоа што, одредбите од чл.483-490 се однесуваат само на Предлог-спогодба која се доставува на оцена до судијата на претходна постапка кој може да ја прифати и тогаш изрекува пресуда или со решение да ја одбие, согласно одредбите од чл.489 ст.1. и 49о ст.1. од З.К.П. Мислиме дека е неопходно спогодување за видот и висината на кривичната санкција, систематски и сеопфатно да се обработи и да се укаже на неговото несомнено значење и за големите можности во ослободување на судовите и поедноставување на кривичната постапка, а при тоа да не се оди на штета на правата и

слободите на осомничениот. Оправданоста за воведување на спогодбата во кривично процесното законодавство на Р.С.Македониа е зголемување на ефикасноста на постапката и нејзиното поедноставување. прифатена од Советот на Европа со препорака бр.Р(87) од 18.09.1987.

Сите иницијативи и преговори по меѓу јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител имаат за цел склучување на Предлог-спогодба за видот и висината на кривичната санкција согласно КЗ .

Постапката за спогодување се применува во неколку стадиуми и тоа:во стадиумот на претходната постапка и во стадиумот на контрола на обвинителниот акт и обвинителниот предлог

Постапката за спогодување не се применува на главната расправа.На главната расправа обвинетиот може да признае вина и во тој случај постапката продолжува само за утврдување на отежителните и олеснителните околности за изрекување на санкцијата.

Ќе се задржиме на постапката на спогодување само во стадиумот на претходната постапка.

Во претходната постапка се до поднесување на обвинение, јавниот обвинител и осомничениот можат да преговараат за видот и за висината на кривичната санкција и да склучат Предлог-спогодба и без писмена изјава на осомничениот дека признава вина, меѓутоа, доколку одбраната дава иницијатива да започне постапката за спогодување или се пристапува кон спогодување по предлог на обвинителството, се подразбира дека помегу странките фактичката состојба не е спорна и се преговара само за видот и висината на кривичната санкција.

**2. ИНИЦИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА И ПРЕГОВАРАЊЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-СПОГОДБА**

Ако се има во предвид одредбата од чл.483 од ЗКП очигледно е дека иницијатива за спогодување и за склучување на предлог-спогодба може да потекне како од јавниот обвинител така и од осомничениот преку неговиот бранител. Кој од нив ќе поднесе иницијатива воопшто не е битно .Битно е дека кај јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител постои сериозна намера да започнат постапка за спогодување, а кој поднел иницијатива не е од никакво значење при изготвувањето на предлог-спогодбата..Единствено е битно да се поднесе иницијатива, нешто слично како кај класичните договори каде што едната страна мора да упати понуда на другата страна за склучување на договор, доколку се сака помегу нив да се склучи договор. Во случајот на предлог-спогодбата за видот и висината на кривичната санкција иницијативата можеме да ја разгледаме во два вида:

Прво обвинителот може да упати на обвинетиот, односно на неговиот бранител веќе готова предлог-спогодба со сите неопходни елементи каде што главен елемент ќе биде понудената висина на кривичната санкција.

Второ, обвинителот може да упати на обивинетиот и на неговиот бранител само покана да се пристапи кон спогодување која има за цел склучување на предлог-спогодба за видот и висината на кривичната санкција.

Во праксата обично и двете страни се воздржуваат од поднесување на иницијатива, поради страв дека поднесувањето на иницијативата може да биде протолкувано како слабост со кое нешто уште на самиот почеток ќе бидат ослабени нивните преговарачки позиции.. Во пракса многу ретко јавниот обвинител дава иницијатива за спогодување.

Доколку иницијативата за почеток на постапката за спогодување потекнува од обвинетиот и неговиот бранител ,во тој случај јавните обвинители предлагаат построга кривична санкција, па од тие причини во повеќето случаи бранителите ги одвраќаат своите клиенти да се впуштат во преговарање заради спогодување од причина што во таквото преговарање недоволоно се ценат олеснителните и отежителните околности, како што тоа е случај кога признанието за вина е дадено на главната расправа каде што согласно Препораката на Советот за европа бр.(92)17 од 1992 г.согласно која олеснителните и отежителните околности треба да бидат пропишани со закон , како што е предвидено и со КЗ, каде што судијата има право да ја индивидуализира санкцијата.

Преговарањето започнува со излагање на подносителот на иницијативата за склучување на предлог-спогодбата.

Подносителот ќе го изложи своето видување на целокупната ситуација и условите под кои има намера да ја склучи предлог-спогодбата. Обвинетиот своите ставови и предлози ќе ги изнесе преку бранителот, затоа што во оваа постапка присуството на бранителот е задолжително.

Откако предлагачот ќе ги изнесе своите ставови, другата страна ќе го изнесе своето видување на предметот, предлозите и условите. Во текот на преговарањето секоја странка има право да поставува нови услови и да се откаже од веќе поставените. При тоа и обвинителот и бранителот треба да го бранат својот личен интегритет, затоа што и двете страни, во желбата да се надмудрат можат да остварат само краткотрајни победи. Обвинетиот може во секој момент да се откаже од преговорите, додека во текот на истите снаодлив бранител може многу да стори за својот клиент.

Бранителот уште во почетокот на спогодбата треба да го проучи доказниот материјал, да ги исклучи незаконитите докази и да оцени дали воопшто ќе се впушти во постапката за спогодба,а ако се впушти, кои се границите и која казна е прифатлива за неговиот клиент.

Преговарањето се врши во просториите на јавното обвинителство. Начинот и местото каде се иницирани преговорите не се од особена важност, преговорите мораат да се водат во просториите на јавното обвинителство.

При тоа јавниот обвинител ќе го поучи обвинетиот дека има право на бранител, а доколку самиот не ангажира свој бранител, ќе му биде назначен бранител по службена должност, дека може да се откаже од предлогот ( од оној кој го дал или од оној кој му бил понуден) се до заклучување на спогодбата,му се предочуваат сите предности на спогодбата и му се укажува на правата од редовната постапка, кои ги губи во случај на склучување на спогодбата, дека има право да предложи склучување на спогодба, дека има право да преговара за условите за преговарање за вина за кривичните дела кои му се ставаат на товар, дека спогодбата мора да биде составена во писмена форма, дека согласноста на спогодбата за признавање на вина и за видот и висината на кривичната санкција мора да биде потполна и да ги опфаќа сите елементи на спогодбата и дека делимичната согласност не може да доведе до склучување на спогодбата, дека е свесен и дека го разбира значењето на признавањето, дека признанието мора да биде дадено потполно и во целост, дека признанието го дава доброволно и дека е свесен за неговото значење и дека може да биде дадено во однос на едно или на повеќе кривични дела, дека признанието го дава само со цел за склучување на спогодбата за утврдување на видот и висината на кривичната санкција и дека за друга цел не може да се користи, дека признанието го дава без присила ниту доведен во заблуда, дека доколку спогодбата биде прифатена од судот ќе биде основ за донесување на пресуда против која обвинетиот нема право на жалба, дека е запознаен дека од спогодбата може да се откаже, а доколку тоа го стори дека ќе биде поучен за неговите права и дека е запознаен со сите можни последици вклучувајќи ги и трошоците на кривичната постапка, како и со последиците во врска со имотноправното барање, а исто така и :

-дека има право да присуствува на рочиштето на кое судот одлучува за спогодбата за видот и висината на кривичната санкција, а доколку не дојде на рочиштето дека судот ќе ја отфрли;

-дека бранителот по службена должност својата должност ќе ја врши до донесување на одлуката на судот;

-дека по правосилноста на решението за одбивање на предлог-спогодбата записникот од одржаното рочиште и самата предлог спогодба судот е должен да ги издвои од списите во посебна обвивка и остануваат на чување кај судијата на претходната пострапка.Тие не смеат да се користат во понатамошниот тек на постапката.

-дека одлуката на судот по предлог-спогодбата за видот и висината на кривичната санкција ќе биде доставена и на јавниот обвинител, бранителот, на оштетениот и неговиот полномошник.

-дека во случај на склучување на предлог-спогодбата за видот и висината на кривичната санкција се одрекува од правото на судење и дека го прифаќа ограничувањето на правото на вложување на жалба против одлуката на судот донесена врз основа на предлог-спогодбата. По запознавањето на осомничениот со наведените права јавниот обвинител треба да постави прашања во врска со дадените поуки, заради разјаснување.

Спогодувањето за признавање на вина може да дојде до колизија со принципите на докажувањето, имајки во предвид дека правилата на оваа постапка најчесто ќе бидат заобиколени. Од аспект на докажувањето, односно утврдувањето на фактите во кривичната постапка во рамките на институтот на спогодување најспорна е фазата на преговарање за вината помеѓу обвинетиот и неговиот бранител со јавниот обвинител.

Спогодувањето е постапка која го скратува судењето и од гледна точка на процесуалистите е доста корисна. Проблемот настанува во фазата на изрекувањето на казната. Признавањето на вина треба да има влијание на одмерување на казната.Меѓутоа, во денешно време осомничените покажуваат спремност за соработка со јавниот обвинител, повеќе заради тоа да ја олеснат својата положба, отколку поради стварното каење и желбата за ресоцијализација. Затоа сметаме дека спогодувањето за вина не е во еднаква положба со барањето за ресоцијализација и не ја поттикнува ресоцијализацијата.

Ефикасноста разгледувана од гледна точка на кривично процесното право ни дава одговор на прашањето дали кривичната постапка се води секогаш кога за тоа има место и дали во текот на траењето на кривичната постапка се применуваaат релевантни законски одредби, односно соодветни кривични санкции во случај на нивното непридржување. Само со ефикасна кривична постапка можеме да ја постигнеме и да ја оствариме целта на водењето на кривичната постапка и казнувањето на сторителите.

Ефикасната кривична постапка има во својата основа две мегусебно поврзани и нераздвојни компоненти.Прво траењето на кривичната постапка. Само кривичните постапки кои траат релативно кратко време , односно оние кои се одликуваат со брзина,можат да бидат ефикасни.На тој начин се остварува и целта на казнувањето. Сепак брзото одвивање на судењето и завршувањето на кривичната

постапка не смее да оди на штета на правата на обвинетиот. Обвинетиот секогаш има свои права кои се загарантирани со закон и со мегународните акти. Од ова можеме да ја извлечеме и втората компонента на ефикасната кривична постапка-нејзината законитост.Само законитата кривична постапка која трае разумен временски период може да се смета за ефикасна .
Со други зборови ефикасна кривична постапка е онаа постапка во која, во реално краток временски интервал од нејзиното поведување до завршувањето,со почитување на законитостите за нејзиното водење е донесена легална и правосилна судска одлука.

**3. СПОГОДУВАЊЕ ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА**

Имајки во предвид дека значително место во бројот и структурата на судските кривични предмети припаѓа на предметите од лесен и среден криминалитет се очекува значително растеретување на судовите со помош на едноставни форми и процедура, со цел за полесно решавање на тешките кривични предмети. Согласно одредбата од чл.39 ст.2.ал.7 од Законот за кривичната постапка во предметите за кривичните дела за кои гонењето се превзема по службена должност јавниот обвинител има право и должност да преговара и да се спогодува со обвинетиот за признавање на вина, на начин и под услови определени со Законот за кривичната постапка.Согласно пак одредбата од чл.206 ст.6 од ЗКП пред започнувањето на првото испитување, обвинетиот помегу другото ќе се информира и за правото на спогодување за вина со јавниот обвинител согласно одредбите од чл.489 до 496 од ЗКП. Имајки во предвид дека испитувањето на обвинетиот е дејство со кое се прибавува исказ од обвинетиот, кое претставува доказно средство со кое на обвинетиот му е дадена можност да ја изнесе својата одбрана, испитувањето на обвинетиот мора да е лично и непосредно,а не преку неговиот бранител , ниту пак може да даде писмено изготвена одбрана.
За кривични дела за кои е предвидена казна затвор над 5 години за кои се спроведува истражна постапка испитувањето на обвинетиот претставува доказно средство и предуслов за продолжување на кривичната постапка. Ова од причина што доколку на обвинетиот не му е дадена можност лично и непосредно да даде свој исказ против него не може да се поднесе обвинение.**Субјекти** кои се овластени да учествуваат во процесот на спогодувањето се јавниот обвинител кој може да иницира постапка за спогодување и кој има право и должност да преговара и да се спогодува со обвинетиот, во рамките на овластувањата предвидени со ЗКП, потоа обвинетиот кој исто така може да иницира постапка за спогодување и бранителот кој задолжително учествува во постапката за спогодување. Во постапката за спогодување не учествува судот, бидејки истрагата ја води јавниот обвинител , а судот непристрасно ја оценува поднесената предлог-спогодба. Спогодувањето е дозволено за сите кривични дела без оглед на тежината на пропишаната кривична санкција, а при определувањето на кривичната санкција судот е должен истата да ја определи според видот и висината на законски определените рамки за предвиденото кривично дело , но не под границите за ублажување на казната која е определена со КЗ.

**4. ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА СПОГОДУВАЊЕ.**

Спогодувањето може да започне откако јавниот обвинител ќе издаде наредба за спроведување на истрага па се до оценка на обвинителниот акт.Во текот на истрагата признавањето не е предуслов за да отпочне постапката за спогодување.**Имајки го во предвид фактот дека спогодувањето може да се однесува за ситекривични дела, а тоа е првиот услов, вториот услов за да може да се пристапи кон склучувањето на спогодбата е иницијативата за склучување на спогодба за видот и висината на кривичната санкција.**
Во споредноправната теорија се издвојуваат две основни точки на критика на преговарањето.
Прво, постапката на преговарање е правно нерегулирана и нетранспарентна и се одвива без присуство на судот и на оштетениот, а многу често преговарањето се одвива и без присуство на пошироката јавност, иако јавноста не е исклучена како што тоа е во некои земји од нашето опкружување, па се смета дека тоа отсуство ја поткопува демократичноста на постапката. Со други зборови преговарањето е скриено од очите на сите субјекти кои би можеле критички да ја надгледуваат потенцијалната спогодба. Од тие причини, оваа фаза, заради отсуство на транспарентноста, создава сомневање во јавноста за признавањето на вина.
Втора критичка точка на преговарањето е што субјектите, а пред се обвинетиот се сметаат како објекти кои мораат да бидат обработени преку правосудниот систем.Се согласуваме со првото мислење затоа што она што странките ќе го договорат се внесува во предлог- спогодбата која се доставува на судот на усвојување.
Во европската правна традиција не е типично да се утврдуваат факти од значење за донесување на пресуда на кривичниот суд кои се спроведуваат надвор и независно од судот.Од логичен аспект, веројатно е дека процесот на преговарање има две основни фази.
Едната е преговарање за која подразбира анализа на фактите со кои настапуваат, кои ги презентираат обвинетите и нивните бранители и јавниот обвинител, а втората фаза е преговарање за видот и висината

на кривичната санкција врз основа на претходна согласност за постоењето на некои факти врз основа на кои секоја од страните ја толкува вината на обвинетиот.
Се поставува прашањето како можат фактите да се утврдуваат со преговарање. Фактите или постојат и имаат одредени карактеристики и значење или не постојат. Фактите се објективни, тие се дел од стварноста која настанала со извршувањето на кривичното дело. Преговарањето за фактите на кривичното дело и нивното значење за процена на вината, суштински и процедурално е потполно различно од нивното утврдување во процесот на докажување. Стварноста не се утврдува со преговарање, туку со докажување, но кога се занемарува начелото на објективност и тоа е можно ако се угледаме на расправата за преговарање во америчкото право. Доколку во рамката на процесот на преговарање нема изведување на докази, нема анализа на доказните факти во рамките на начелото на контрадикторност, доколку не се вклучуваат експерти, доколку не се сослушува жртвата, се поставува прашањето на квалитетот( вистинитоста) на фактите кои се утврдени во рамките на таквата постапка. Гледано од призмата, односно од видувањето на странките , во зависност од тоа од кој агол се гледаат фактите, може да влијае на нивното толкување, на давање на значење на фактите , особено кога во тој процес нема непристрасен и објективен орган како што е судот. Кога двете страни ќе се договорат за сите финеси и ќе се усогласат за фактите, односно за нивното значење се поставува прашањето дали судот може да биде објективен и критичен во проценката на квалитетот на спогодбата.
Одлуката дали осомничениот и јавниот обвинител ќе влезат во процесот на преговарање за вината зависи од повеќе фактори, а според мислењето на повеќе американски автори два фактора се доминантни и тоа веројатноста на осудата и очекуваната санкција.
Веројатноста на осудата зависи од јачината,односно квалитетот на доказите со кои во моментот на влегувањето во спогодба располагаат обвинетиот и неговата одбрана или на спротивната страна јавниот обвинител.Најконтраверзните прашања во врска со спогодувањето се јавуваат во предметите каде што јавниот обвинител располага со слаби докази кои му се ставаат на товар на обвинетиот.
Процесот на преговарањето го карактеризира големиот степен на неизвесност. Се истакнува дека во процесот на преговарањето помеѓу странките постои процес на информациона асиметрија.Едната странка не е во обврска да ја извести другата за фактите со кои располага во моментот на започнувањето на преговорите. Ситуацијата за кривичното дело може да биде толку сложена што обвинетиот не е свесен за сите факти. Јавниот обвинител може на обвинетиот да не му ги предочи сите факти со кои располага во моментот на започнувањето на спогодувањето.
Се истакнува дека веројатноста за осуда зависи од широк спектар на фактори кои тешко можат да се предвидат. Обвинетиот може да не знае со кои докази располага јавниот обвинител во фазата на спогодување , ниту пак какво влијание ќе имаат постоечките докази на судот при донесувањето на пресудата, како ќе се вреднуваат изјавите на сведоците итн.Отсуството на реални информации и потешкотиите за сигурна прогноза претставуваат значителна препрека за внимателно, прецизно и точно донесување на одлука во рамките на процесот на преговарањето. Од тие причини одлуката на обвинетиот за стапување во преговори и однесувањето во рамките на процесот во голема мера зависат од неговата толеранција спрема ризикот.
Доколку обвинетиот повеќе е склон кон ризик, кое нешто е многу карактеристично за повеќе криминалци, тогаш тој ќе се определи за класична судска постапка отколку за склучување на спогодба за вина и предолг-спогодба за видот и висината на кривичната санкција..
Пракса на повеќе обвинители е на обвинетите да им овозможуваат пристап до доказите кои за обвинетите се неповолни, затоа што со тоа тие ги поттикнуваат на признавање на вината, додека пристапот на доказите кои се во корист на обвинетиот е проблемот..Како резултат на тоа во рамките на постапката на преговарање за вина повеќето обвинети ќе имаат свежа и јасна слика за силата на доказите кои ги теретат врз основа на претставувањето на истите од страна на обвинителот во текот на преговарањето. На друга страна пак,значењето(силата) на спротивните докази ќе биде потценета, односно запоставена, во текот на преговарањето и спогодувањето.Ако обвинетиот соработува и се согласува со предлогот ќе има шанси да му се намали казната согласно КЗ, а доколку се определи да не соработува ќе нема таква шанса.
Во текот на преговарањето обвинителот најчесто настапува од позиција дека импликациите на одлуката за признавање на вина се јасни. Обвинетиот само треба да избере алтернатива во смисла земи или остави. Едната алтернатива води кон поголема награда во дадената ситуација, а одбивањето на спогодувањето има за последица поголема казна,особено во американската пракса. Според тоа прифаќањето на спогодувањето во таква ситуација за обвинетиот се јавува како единствен рационален избор со цел да се минимизира цената која треба да се плати во дадената ситуација. Обвинителот пред почетокот на спогодувањето, може да ја зајакне својата позиција по строгоста во барањето казна на судот, со кое нешто одреден број на обвинети ќе прифатат спогодување.
Во постапката за спогодување **предмет на спогодувањето** е видот и висината на кривичната санкција со точно наведување на санкцијата која се предлага и тоа по вид и висина, која санкција треба да биде во

законските рамки за конкретното кривично дело која санкција не може да биде под границите за ублажување на казната онака како што е определено во чл.41 од КЗ.
Законот за кривична постапка не прави исклучоци и постапката за спогодување е дозволена за сите кривични дела без оглед на тежината на пропишаната кривична санкција.
Согласно одредбата од чл. 483 ст.2 од ЗКП има обврска кон предлог- спогодбата покрај прибавените докази задолжително да приложи и писмена  Изјава потпишана од оштетениот за видот и висината на оштетното побарување кои понатаму во граганска парница ќе му послужи да ги оствари своите права.
Во чл.485 од ЗКП децидно се наведени сите елементи кои треба да ги содржи предлог-спогодбата.

## 5. СУДОТ ПО ПОДНЕСЕНАТА ПРЕДЛОГ-СПОГОДБА ОДЛУЧУВА СО ПРЕСУДА ДОКОЛКУ ЈА ПРИФАТИ ИЛИ СО РЕШЕНИЕ ДОКОЛКУ ЈА ОДБИЕ.

Според  извештаите на Јавното обвинителство на РСМ, **во скратена** постапка во текот на 2022 г. имало 114 спогодби, во 2023г. имало 99 спогодби и во 2024 г.имало 98 спогодби, во 2025 г.имало 77 или вкупно 398 спогодба во скратената постапка, а **во истражна** постапка во 2022 г.имало 126 спогодби, во 2023 имало 92 спогодби и во 2024 имало 155 спогодби , во 2025 г.имало 117 спогодби  или вкупно 490 спогодби во истражна постапка имало  во наведениот период.Очигледно е дека најмногу спогодби се склучуваат во текот на истрагата имајки во предвид дека во текот на цела 2025 г.по подигнување на обвинителниот акт после истрагата се склучени само 9 спогодби. За овој број на предмети судот е растеретен и може повеќе да се посвети на преостанатите  посложени предмети.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Воведено во поголем број на држави, спогодувањето е различно регулирано, но сепак опстана како еден од најефикасните начини за решавање на предмети.Со воведување на институтот спогодување во пракса се дојде до постапно намалување на заостанатите предмети во судовите и можеме да кажеме дека денес имаме релативно задоволителна состојба што се однесува за брзината и ефдикасноста на судењето во кривичните постапки и оптеретувањето на судовите со предмети.
Склучувањето на спогодбата е корисно како за осомничениот, оштетениот, јавниот обвинител, судот и правниот систем во целина, затоа што кривичните постапки се забрзуваат и се намалуваат трошоците на постапката.Осомничениот може да добие помала казна во замена со признавањето на вината, ја избегнува неизвесноста од исходот на кривичната постапка, затоа што точно знае за кое кривично дело ќе биде огласен за виновен и која санкција ќе му биде исречена, ги намалува своите трошоци за кривичната постапка, а може да се спогоди со јавниот обвинител да се откаже од кривичното гонење за кривичните дела кои тој ги имал извршено, а кои не се опфатени со спогодбата, јавниот обвинител повеќе не мора да го губи времето за превземање на доказни дејствија, а оштетениот со спогодбата може да го реше своето имотноправно побарување, затоа што не мора да го тужи осомничениот и да се изложува на трошоци.

## ЛИТЕРАТУРА

Бајович, В. (2019). Споразум о прузнању кривичног дела.Правни факултет Универзитета у Београду
Бужаровска, Г., & Мисоски, Б. (2021). *Улогата на процесните субјекти во постапката за спогодување*.
Делибашић, В. (2025). *Споразуми јавног тужиоца и окривљеног*.
Калајџиев, Г., и др. (2021). *Коментар на Законот за кривичната постапка*.
Лажетиќ-Бужаровска, Г., и др. (2025). *Казнено процесно право.*
Николић, Д. (2007). Споразум о признању кривице, Ниш
Совет на Европа. (1987, September 18). *Recommendation No. R (87) 18 of the Committee of Ministers to member states concerning the simplification of criminal justice*.
Совет на Европа. (1992). *Recommendation No. R (92) 17 of the Committee of Ministers to member states concerning consistency in sentencing.*
Шкулић, М. (2022). *Кривично процесно право*. Правни факултет Универзитета у Београду
Matijašević, J., Dragojlović, J., & Bingulac, N. (2025). CRIMINAL PROCEDURAL AND CRIMINALISTIC ASPECTS OF THE INTERROGATION OF THE ACCUSED IN CRIMINAL PROCEEDINGS IN THE REPUBLIC OF SERBIA. *SCIENCE International Journal*, *4*(3),